# ШТЕДЕТЕ ВОДА TARGET 155 (ЦЕЛ 155)

## Начини за штедење внатре во куќата

Вашата банковна сметка за штедење вода – има многу начини за штедење вода во бањата, пералницата, кујната и низ целата куќа. Одберете што сакате да направите и потем собирајте ги заштедите.

Постојат одлични начини за штедење вода што се брзи и евтини! Откако ќе ги прегледате многубројните начини за штедење, означете го четириаголникот од десната страна покрај оние што ќе ги примените.

Прифатете го предизвикот да ја постигнете Целта 155.

| Начини за штедење | Како да го сторите тоа | Колку можете да заштедите | Вашата заложба |
|---|---|---|---|
| **Сведете го вашето време за туширање на 4 минути** | Сведувањето на вашето време за туширање на 4 минути е едноставен и брз начин да заштедите вода. | Кај постарите модели на тушеви, ако времето за туширање го сведете од 7 на 4 минути, би можеле да заштедите околу**42 литри по човек дневно.**<br><br>Ако имате нов модел на туш што штеди вода, ви честитаме! Веќе заштедувате скапоцена вода за пиење. Но сепак можете да сторите и повеќе. Ако го сведете времето за туширање од 7 на 4 минути, би можеле да заштедите уште **27 литри по човек дневно.** | ☐ |
| **БЕСПЛАТНО заменете го вашиот стар туш за нов туш што штеди вода** | Постарите модели на тушеви може да потрошат околу 14 литри вода во минута.<br>Новите модели на тушеви што штедат вода трошат само 9 литри во минута.<br><br>Појдете на местото на интернет на компанијата што ве снабдува со вода за да дознаете како бесплатно да го замените вашиот туш. | Ако секој ден се туширате по 4 минути, би можеле да заштедите околу **20 литри по човек дневно** со тоа што бесплатно ќе го замените вашиот туш. | ☐ |
| **Поставете распрснувачи или ограничувачи на протокот на сите ваши славини** | Од некои славини може да истечат околу 15 литри вода во минута.<br><br>Едноставен и евтин начин за штедење вода е да поставите распрснувачи или ограничувачи на протокот на славините во вашата бања и во кујната. Тие практични направи за штедење вода може да ги купите во вашата локална продавница за алати и опрема, а тие се одличен начин за штедење вода. | Распрснувачот на славината може да ви заштеди околу 9 литри вода во минута на вашите славини во кујната и во бањата. | ☐ |
| **Поставете тег во казанчето за вода ако имате постаро казанче со само едно копче за пуштање вода** | Старите казанчиња со едно копче за пуштање вода може да потрошат околу 11 литри скапоцена вода за пиење при секое испуштање вода.<br><br>Едноставен и евтин начин да заштедите вода е да поставите тег во вашето старо казанче со едно копче за пуштање вода. Таков тег може да купите во вашата локална продавница за алати и опрема, а тие се одличен начин за штедење вода. | Тегот во казанчето може да ви заштеди околу 3 литри вода при секое испуштање вода.<br><br>Па така, ако испуштате вода од казанчето со едно копче 4 пати дневно, би можеле да заштедите околу **12 литри по човек дневно.** | ☐ |
| **Може ли да прескокнете едно перење алишта?** | Старите неефикасни машини за перење алишта може да потрошат околу 140 литри вода на едно перење.<br><br>Може ли да прескокнете едно перење неделно? | Ако прескокне едно перење со стара машина, едно четиричлено семејство би можело да заштеди **5 литри по човек дневно.** | ☐ |
| **Проверете дали од некаде истекува вода** | Проверете во клозетот дали од некаде истекува вода. Само ставете неколку капки прехранбена боја во казанчето, почекајте 15 минути, а потоа проверете ја водата во клозетската школка. Ако во школката се појави боја, значи дека водата ви истекува.<br><br>Проверете дали од некаде истекува вода низ целата куќа. Прочитајте го водомерот, а потоа почекајте околу 4 часа. Погрижете се во тоа време да не пуштате вода. Прочитајте го пак водомерот. Ако се зголемила потрошената вода, може од некаде ви тече вода. | Течењето може да потроши многу вода и да биде многу скапо. Ако ви тече вода, може да трошите залудо дури до 50 литри вода дневно, па дури и повеќе.<br><br>За едно четиричлено семејство, со поправањето на дефектот поради кој истекува вода може да се заштедат до **12,5 литри по човек дневно,** па дури и повеќе. | ☐ |

# ШТЕДЕТЕ ВОДА TARGET 155 (ЦЕЛ 155)

## Начини за штедење внатре во куќата

Вашата банковна сметка за штедење вода – има многу начини за штедење вода во бањата, пералницата, кујната и низ целата куќа. Одберете што сакате да направите и патем собирајте ги заштедите.

Постојат одлични начини за штедење вода што се брзи и евтини! Откако ќе ги прегледате многубројните начини за штедење, означете го четириаголникот од десната страна покрај оние што ќе ги примените.

Прифатете го предизвикот да ја постигнете Целта 155.

| Начини за штедење | Како да го сторите тоа | Колку можете да заштедите | Вашата заложба |
|---|---|---|---|
| **Гледајте ги ѕвездичките за заштеда на вода** | Ако купувате ново казанче, машина за перење алишта или машина за миење садови, погледнете ги ѕвездичките за заштеда на вода.<br><br>Запомнете дека повеќе ѕвездички значат поголема заштеда! | Ако го замените старото казанче со едно копче за пуштање вода со најнов и најефикасен модел на казанче со двоен начин за пуштање вода, ќе заштедите околу 7 литри при секое испуштање вода.<br><br>Па така, ако пуштате вода 4 пати дневно, би можеле да заштедите околу **28 литри по човек дневно.**<br><br>Ако ја замените старата машина за перење алишта со нов ефикасен модел, може да заштедите околу 70 литри вода при секое перење.<br><br>За едно четиричлено семејство што пере 4 пати неделно, тоа е заштеда од **10 литри по човек дневно.** | ☐ |
| **Побарајте попусти** | Појдете на местото на интернет www.ourwater.vic.gov.au за да дознаете како да поднесете барање за попусти за штедење вода. | Програмата за попусти на владата на Викторија им овозможува на жителите на Викторија да бараат попусти за производи што штедат вода, како што се тушевите за штедење вода со три ѕвездички, за одобрени клозетски казанчиња со двоен начин за пуштање вода, за градинарски производи, за резервоари за дождовница и за системи за искористување на отпадната вода од домаќинствата. Заштедите на вода и износите на попустите може да бидат различни. | ☐ |
| **Секоја капка е важна** | Има уште многу други начини да се заштеди секој ден.<br><br>Еве некои други идеи и простор за вас да додадете и ваши идеи. | Сопрете ја водата додека ги миете забите или додека се бричите<br><br>Кадата полнете ја колку што можете помалку, а потоа водата нека истече во градината, ако е тоа можно<br><br>Немојте да ги миете садовите под млаз вода<br><br>Перете само кога машината за алишта е полна<br><br>Уверете се дека машината за миење садови е полна пред да ја вклучите<br><br>Безбедно пренасочете ја отпадната вода од машината за перење алишта во вашата градина<br><br>Веднаш поправете ги славините што течат | ☐<br>☐<br>☐<br>☐<br>☐<br>☐<br>☐ |
| | Напишете ваши идеи | | ☐ |
| | | | ☐ |
| | | | ☐ |
| | | | ☐ |

**За натамошни информации: 136 186**
www.ourwater.vic.gov.au

Our Water Our Future
A Victorian Government initiative

Victoria
The Place To Be